РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: 08-08-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | | | Вредност |
| 26-3163/1 | | 1 | |

До: Општина Велес
ул. Панко Брашнар бр.1
1400 Велес

БАРАЊЕ

за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14, бр.148/15, бр.55/16 и бр.98/19"), бараме да ни овозможите пристап до одредени информации од јавен карактер за потребите на проектна активност реализирана од страна на [redacted]

[redacted] реализира мерење на индексот на отворени општини, за чие успешно спроведување има потреба од обезбедување на податоци од јавен карактер:

1. Дали општина има пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот? - доколку имате пропишани процедури, наведете линк од истите или пак пратете ги како посебен документ
2. Дали општината во 2022 година организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2023 година? Ако да, наведете објава од средбата/ите.
3. Дали буџетот на општината за 2023 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/ни група/и? - наведете го името на буџетската програма или ставка, и објаснете за која маргинализирана група се однесуваат
4. Дали општината има воспоставено комисија за еднакви можности на мажите и жените? - ставете линк до одлуката со која е основана комисијата и придружните акти кои поблиску ја уредуваат нејзината работа
5. Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2023 година? - ставете ја листата на индикатори
6. Дали општината објавила извештај за реализација на средствата планирани во тековната и постојана резерва на буџетот за 2023 година, односно ги објавила намените за кои се реализираа овие средства? - ставете го линкот што води до публикацијата

**Форма во која се бара информацијата**:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) електронски запис (пожелно е во word или excel формат)
5) друго ___________

**Начин на доставување на информацијата:**

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) е-маил
5) друго __________

**Барател на информацијата:** [redacted]

**Застапник/полномошник на барателот на информацијата**

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за слободен пристап до информации од јавен карактер)

Датум: 08.08.2024

Подносител

[redacted]